ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

# ГОДИШНА ПРОГРАМА

## ЗА РАБОТА НА ДРЖАВНИОТ ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

## ЗА 2011 ГОДИНА

**Скопје, декември 2010 година**

## СОДРЖИНА


| Ред. Бр. | О п и с | Страна |
|---|---|---|
| 1 | Цели и задачи за работа на Државниот завод за ревизија во 2011 година | 5 |
| 2 | Избор на субјекти/проекти/теми за вршење ревизија | 6 |
| 3 | Организациона поставеност на ДЗР за извршување на Програмата за работа | 7 |
| 4 | Финансирање на ДЗР | 7 |
| 5 | Едукација на вработените | 8 |
| 6 | Методолошки прашања | 9 |
| 7 | Информационен систем на ДЗР и ИТ ревизија | 10 |
| 8 | Меѓународна соработка | 11 |
| 9 | Анализи и извештаи | 12 |
| 10 | Информирање на надлежни органи во функција на подобро управување со јавните средства | 13 |
| | *Активности во насока на надминување на системски слабости и колизија на законски прописи* | 13 |
| | . *Соработка со Собранието на РМ, Владата на РМ, Министерството за финансии и другите надлежни органи* | 13 |
| | *Активности поврзани со спречување на корупцијата* | 14 |
| | Следење на препораките дадени во ревизорските извештаи | 15 |
| 11 | Информирање на јавноста | 16 |
| 12 | Извршување на Годишната програма за работа на ДЗР | 17 |
| 13 | Завршни одредби | 17 |
| | Преглед на планирани ревизии за 2011 година | Прилог - 1 |
| | Акционен план за извршување на Годишната програма за работа на ДЗР за 2011 година | |

## КОРИСТЕНИ КРАТЕНКИ

| | |
|---|---|
| CAAT's | Компјутерски подржувани ревизорски техники |
| ISSAI | Меѓународни стандарди на Врховни ревизорски институции |
| ВРИ | Врховни ревизорски институции |
| ГДР | Главен државен ревизор |
| ДЗР | Државен завод за ревизија |
| ЕСР | Европски суд на ревизори |
| ЕУ | Европска Унија |
| ЕУРОСАИ | Европска организација на врховни ревизорски институции |
| ЗДР | Закон за државната ревизија |
| ИДИ | Иницијатива за развој во рамки на ИНТОСАИ (непрофитна организација која има за цел зајакнување на институционалните капацитети на ВРИ во земјите во развој во рамки на регионалните работни групи на ИНТОСАИ) |
| ИНТОСАИ | Меѓународната организација на врховни ревизорски институции |
| ИПА | Инструменти за предпристапна помош (Pre-accession assistance) |
| ИТ | Информатичка технологија |
| ИФИС | Интегриран финансиско - информационен систем |
| МАТРА | Програма на Министерството за надворешни работи на Холандија за социјална трансформација насочена кон подршка на реформите на државите и нивните институции во новите земји членки на ЕУ, земјите кандидати за членство, земјите потенцијални кандидати и земјите соседи на ЕУ. |
| НПАА | Национална програма за усвојување на правото на ЕУ |
| ОЕЦД | Организација за економска соработка и развој |
| ПГДР | Помошник на главниот државен ревизор |
| РГ | Работна група |
| РМ | Република Македонија |
| СИГМА | Подршка во подобрување на управувањето и раководењето (здружена иницијатива на ОЕЦД и ЕУ) |
| ХСР | Холандски суд за ревизија |

Врз основа на член 9, став 1 точка 2 од Законот за државната ревизија (Сл.весник на РМ бр. 66/10 и 145/10) и член 17 и 18 од Правилникот за организација и работа на Државниот завод за ревизија, бр.0101-722/1 од 01.10.2008 година и Правилникот за дополнување на Правилникот за внатрешна организација и работа на Државниот завод за ревизија бр.0101-318/1 од 18.03.2009 година, главниот државен ревизор донесе:

# Г О Д И Ш Н А   П Р О Г Р А М А
## за работа на Државниот завод за ревизија за 2011 година

## 1. Цели и задачи за работа на Државниот завод за ревизија во 2011 година

Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија (ДЗР) за 2011 година ќе се остварува согласно постојната законска рамка утврдена со Законот за државната ревизија (ЗДР).

Во текот на 2011 година ќе се интензивираат активностите на обезбедување потребни услови за реализација на стратешките цели на државната ревизија во Република Македонија со што ќе се оствари:

- Неопходна независност на државната ревизија како уставна категорија, во согласност со принципите на Декларацијата од Лима;
- Имплементација на новиот Закон за државната ревизија и усогласување на под законските акти;
- Натамошно зајакнување на институционалните капацитети и обезбедување на оптимални технички и човечки ресурси, како основен предуслов за извршување на функциите на државната ревизија;
- Воведување на нови видови ревизии и натамошно подигање на нивото на квалитет на извршување на ревизиите во согласност со ревизорските стандарди и методолошка пракса на државната ревизија;
- Изградба на систем за континуирано следење на спроведување/имплементација на препораките по наодите од извршените ревизии во функција на одржување на ефективни контроли кај субјектите предмет на ревизија;
- Интензивирање и проширување на содржините и формите на соработката со Собранието на Република Македонија, Владата на Република Македонија, Министерството за финансии, Јавното обвинителство, Државната комисија за спречување на корупцијата и други надлежни органи и институции;
- Обезбедување опфат со државна ревизија според соодветна структура на субјекти и јавна потрошувачка, со што би се обезбедиле потребни податоци и информации за изградба на објективна оценка за степенот на остварувањето на наменското и законското трошење на јавните средства;
- Натамошно зајакнување и проширување на капацитетите за вршење на ревизија на успешност на различни програми и проекти, во функција на остварување на целите на ревизијата, отчетноста и доброто управување

односно испитување на резултатите, економичноста, ефикасноста и ефективноста на активностите на јавниот сектор;
- Натамошен развој и едукација на човечките ресурси;
- Обезбедување на неопходни финансиски средства за целосно и квалитетно извршување на Програмата, воспоставување објективен систем за оцена на извршувањето на работните задачи;
- Подобрување на условите на работење - обезбедување на соодветен деловен простор, натамошно опремување со информатичка и друга опрема;
- Понатамошно унапредување на принципите на јавност и транспарентност во работата на ДЗР и подобрување на системот на комуникација и размена на информации со домашни и меѓународни субјекти;
- Примена на современи методолошки пристапи и пракса при вршење на државна ревизија согласно ИНТОСАИ, ЕУРОСАИ, ЕУ и други меѓународни стандарди и упатства за вршење државна ревизија;
- Продолжување на воспоставената соработката со ВРИ, Европскиот суд за ревизија, комитетите и работните групи на ИНТОСАИ, ЕУРОСАИ и други меѓународни организации и професионални тела и нејзино проширување во функција на остварување на стратешките цели на ДЗР.

## 2. Избор на субјекти/проекти/теми за вршење ревизија

Изборот на субјектите/проектите/темите за Програмата е извршен согласно член 22 и 23 став 1 од Законот за државната ревизија и Упатството за предлагање на ревизии за годишната програма за работа на ДЗР.

Согласно пропишаните критериуми во Упатството за предлагање на ревизии, ДЗР во 2011 година планира да изврши вкупно 65 ревизии од кои:

- 58 ревизии на финансиски извештаи и ревизии на усогласеност за 2010 година;
- 7 ревизии на успешност на различни теми од повеќе области .

Бројот на ревизорските извештаи за ревизии на финансиски извештаи и ревизии на усогласеност во Прилогот 1 е проценет (согласно предметот на ревизија) и претставува очекуван број на финансиски извештаи (за секоја поединечна сметка) кои субјектот ќе ги поднесе за годината која е предмет на ревизија. Бројот на ревизорски извештаи за ревизиите на успешност, исто така е проценет и зависи од резултатите од прелиминарните истражувања за селектираните проекти/програми/активности избрани за ревизија, од пристапот и применетата методологија за вршење на ревизијата и поставената ревизорска цел.

Извршените ревизии се предмет на последователна проверка на спроведувањето на дадените препораки во ревизорските извештаи.

Прегледот на планирани ревизии е составен дел на Програмата за работа на ДЗР за 2011 година (**Прилог 1**).

## 3. Организациона поставеност на ДЗР за извршување на Програмата за работа

Програмата за работа на ДЗР за 2011 година ќе се реализира со вкупно 91 вработен и 2 функционери. Согласно Правилникот за организација и работа, вработените се распоредени во Советници на ГДР, пет Сектори за финансиска ревизија, Сектор за ревизија на успешност, Сектор за развој, Одделение за внатрешна ревизија, Одделение за информатичка технологија и ревизија, Одделение за правни и општи работи и човечки ресурси и Одделение за финансиски и сметководствени работи.

Одделението за внатрешна ревизија изготвува посебен годишен план за работа на внатрешната ревизија за 2011 година.

## 4. Финансирање на ДЗР

Финансирањето на активностите на ДЗР, определени со Законот за државната ревизија се во директна корелација со Годишната програма на ДЗР и обемот за вршење на работите на државната ревизија.

Финансиските средства за реализација на Програмата за работа на ДЗР со Буџетот за 2011 година изнесуваат 90.677 илјади денари и тоа:

во 000 денари

| Расходи | Сметка на основен буџет 637 | Сметка на основен буџет 631 | Сметка од донации 785 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| Плати и надоместоци | 56.212 | 12.800 | 0 | **69.012** |
| Стоки и услуги | 5.265 | 15.000 | 0 | **20.265** |
| Субвенции и трансфери | 200 | 0 | 0 | **200** |
| Капитални расходи | 0 | 1.200 | 0 | **1.200** |
| **Вкупно:** | **61.677** | **29.000** | **0** | **90.677** |

За извршување на функцијата на државната ревизија од вкупно планираните 90.677 илјади денари, 68% се од сметката на основен буџет 637 а 32% од сметката на основен буџет 631. Согласно Законот за државната ревизија („Службен весник на РМ бр. 66/10 и 145/10), средствата за работа на ДЗР се обезбедуваат од Буџетот на РМ.

Од аспект на структурата на расходите, 76,5% се предвидени за плати и надоместоци на вработените, 22% за стоки и услуги, 0, 2 % за субвенции и трансфери и 1,3 % за капитални расходи.

Имплементацијата и развојот на Интегрираниот финансиско - информациски систем (ИФИС) во ДЗР претставува еден од главните приоритети и активности на одделението за финансиски и сметководствени работи што ДЗР треба да ги спроведе и во 2011 година. ИФИС на ДЗР претставува основа која треба да овозможи ефикасно функционирање на финансискиот систем (целокупната финансиска документација) за потребите на реализација на Буџетот на ДЗР во согласност со законската

регулатива на финансиско известување на буџетите и буџетските корисници (јавен сектор).

Функционирањето на државната ревизија во голема мерка зависи од доделување на неопходни финансиски средства и соодветно вреднување на ревизорската работа, со цел да се овозможи целосно и квалитетно извршување на работите и работните задачи за исполнување на законскиот мандат на ДЗР. Во овој контекст Декларацијата од Лима предвидува, финансиските средства кои Врховните ревизорски институции ќе ги сметаат за неопходни за извршување на задачите, да ги бараат директно од законодавецот и да ги користат во рамките на своите надлежности.

## 5. Едукација на вработените

Активностите за едукација на вработените се усогласени со стратешките определби на ДЗР за континуиран развој на професионалните и стручни способности на ревизорите и раководниот кадар во институцијата и воспоставување објективен систем за оцена на степенот и квалитетот при исполнувањето на работните задачи.

Обуката на вработените на ДЗР ќе се изврши низ повеќе форми: организирање интерни обуки во рамките на ДЗР и со предавачи од ДЗР и користење на надворешни експерти; обука на работно место, учество на курсеви, семинари, работилници, организирани од работни групи/комитети на ИНТОСАИ/ЕУРОСАИ, Европскиот суд за ревизија, СИГМА и други меѓународни професионални организации и асоцијации.

Согласно операционализацијата на стратегијата за управување со човечките ресурси и расположивите капацитети, во 2011 година интерните обуки во ДЗР ќе се реализираат од следните области:

а) Подобрување на сметководствени вештини
   - Обука за сметководствени политики и начела кај јавните претпријатија
   - Обука за сметководствени политики и начела кај буџетите, буџетските корисници и ЕЛС

б) Обука за користење на ИТ ресурсите на ДЗР

в) Обука за подобрување на вештините во користење на MS Office 2007 алатки

г) Обука за користење на ИДЕА софтвер во ревизијата за сите ревизори .

Во 2011 година ДЗР ќе продолжи со активностите на континуиран развој на стручните способности на ревизорите во ДЗР:

- Понатамошен развој на Програмата за обука на ревизорите;
- Изготвување листа на компетентни државни ревизори за реализација на одделни содржини од Програмата за обука и надворешни експерти заинтересирани за обука на државните ревизори;

- Изготвување листа на активности за обука релевантни за државната ревизија, организирани од други институции;
- Координирање на обуките со надлежни институции за обука на државни службеници.

## 6. Методолошки прашања

Ревизорските стандарди обезбедуваат напатствија за ревизорите во одредување на опфатот на ревизорските чекори и постапки кои треба да се применат на ревизиите и се состојат од критериуми во однос на кои квалитетот на резултатите од ревизиите се оценува. Прирачниците и упатствата ги водат ревизорите како тоа може да се обезбеди.

Во текот на 2011 година ќе продолжат активностите на следење на тековните и најнови достигнувања од областа на ревизорските стандарди, методологија и најдобра пракса во функција на ажурирање на постојни прирачници и упатства за финансиска ревизија и ревизија на успешност и понатамошен развој на други упатства од областа на ревизијата.

*Врска на осигурувањето на квалитет на ревизиите со стратешките цели на ДЗР*

Во Стратешката цел 2 од Стратегијата за развој на ДЗР 2010-2014 се дефинирани прашањата на подобрување на квалитетот на извршените ревизии и следење на ефектите од истите. Оваа стратешка цел ги дефинира активностите поврзани со програмите за осигурување на квалитет во работата, заради унапредување на ревизорската работа и резултатите од неа.

Аспектот на осигурување на квалитет на ревизиите е дефиниран во повеќе документи на Меѓународните стандарди на ВРИ (ISSAI). Овие стандарди наведуваат:

"...пожелно е ВРИ да воспостават сопствен систем на осигурување на квалитет што подразбира темелна проверка на планирањето, извршувањето и известувањето на примерок на ревизии од страна на ревизорите на ВРИ со соодветни квалификации кои не се вклучен во тие ревизии, со консултации од линиското раководството на релевантната ревизија во врска со резултатите на интерното осигурување на квалитет и периодичното известување на раководството на ВРИ."

За оваа цел во изминатиот период во рамките на активностите со проектот МАТРА беше подготвено Упатство за осигурување на квалитет на извршените ревизии. Упатството стапува во сила во 2011 година. Согласно стандардите и насоките од упатството, се планира воспоставување независна функција за осигурување на квалитет и нејзина операционализација во вршење проверки на примерок на завршени ревизии.

## 7. Информационен систем на ДЗР и ИТ ревизија

Во 2011 година активностите ќе се реализираат согласно целите дефинирани во стратешките документи за понатамошен развој на информациониот систем, примена на информатичка технологија и нејзино рационално и ефикасно искористување во ревизијата, и посебно развој на ИТ ревизија, како посебна ревизија и како дел на останатите видови на ревизија. Во таа насока се планира:

- Продолжување со развој и оддржување на информациониот систем согласно стратешките цели за развој утврдени во ИТ Стратегија на ДЗР 2009 - 2013 година;
- Поддршка во имплементацијата на софтверот за анализа на податоците од ревизорските извештаи, наодите и препораките;
- Пропишување на политиките и процедурите за ИТ и ИТ безбедност и нивна имплементација (известување и обуки);
- Соработка со останатите државни институции за организирање на размена на податоци за потребите на ревизијата;
- Континуирана поддршка на ревизијата во делот на превземање и анализа на базите на податоци на субјектите предмет на ревизија, употреба на CAAT's, ИДЕА софтвер;
- Одржување на Обуки за вработените за користење на ИТ ресурсите на ДЗР, за подобрување на вештините во користење на MS Office 2007 алатки и за употреба на ИДЕА софтвер во ревизијата;
- Изготвување на база на податоци за ИТ системите кај субјектите предмет на ревизија - Истражување и анализа на податоците за ИТ системите кај субјектите, со што ќе се направи можност за на ИТ ревизии;
- Планирање и извршување на ИТ ревизија;
- Употреба на COBIT стандардите во ИТ ревизијата;
- Измени / ажурирање на прирачник за ИТ ревизија;
- Одржување и ажурирање на ИНТРАНЕТ страната;
- Согледување на потребата од измена на постојната веб страна и Интранет во контекст усовршување на иститe, зголемување на обемот и на видовите содржини што ќе се пласираат;
- Подобрување на квалитетот на работењето преку понатамошен развој на ИТ системот на ДЗР и примена на ИТ технологијата за рационално и ефикасно користење во ревизорскиот процес со воведување на нов софтвер за управување на ревизорскиот процес и изработка на проект за набавка и имплементирање;
- Анализа и предлагања на нови дигитални форми и начини за презентирање на ревизорските извештаите во делот на комуникација со пошироката јавност;
- Одделението за ИТ и ревизија ќе продолжи да учествува во активностите на ИТ работната група при ЕУРОСАИ. Во рамките на оваа група се разгледуваат прашања од областа на ИТ ревизијата и примената на информатичката технологија во ВРИ преку организирање на состаноци за размена на искуства, организирање на семинари/работилници за примена на нови техники во ревизорската пракса на ВРИ;

## 8. Меѓународна соработка

Во рамките на меѓународната соработка во 2011 година, ДЗР ќе продолжи да соработува со ИНТОСАИ, ЕУРОСАИ, Европскиот суд на ревизори (ЕСР) и другите ВРИ, Светска банка, СИГМА и други меѓународни организации и институции по прашања од областа на државната ревизија. Формите на соработка опфаќаат учество на, семинари, работилници, истражувања, работа во работни групи, извршување паралелни ревизии, оценски мисии, работни посети, учества на конференции и конгреси, стажирање на помлади ревизори од ДЗР во ЕСР и друго. Во оваа насока ДЗР е вклучен во Трансрегионалната програма на ИДИ за ревизија на Управување со јавен долг која ќе се одвива 2010 - 2011 година, и во ЕУРОСАИ меѓународна (паралелна) ревизија на програми насочени за зголемување на вработувањето на лицата со посебни потреби во јавниот сектор.

Соработката има за цел идентификување и промовирање на добрата пракса кај ВРИ, размена на методолошки и ревизорски искуства за формите, содржините, периодиката и начинот на објавување на резултатите од ревизиите и следење на ефектите од извршените ревизии, утврдените појави на измама и корупција, развојот на капацитетите за обука, видот на соработка со ВРИ, транспарентноста и информирањето на јавноста.

Како член на работната група (РГ) за ревизија на животна средина на ИНТОСАИ/ЕУРОСАИ, ДЗР во 2011 година ќе продолжи да учествува во активностите на оваа РГ преку учество на семинари, подготовка на документи за животната средина, прашалници и други истражувања.

Претставници на ДЗР ќе продолжат да учествуваат во активностите на ИТ работната група на ЕУРОСАИ (повеќе во делот за ИС и ИТ).

Како член на Комитетот на ИНТОСАИ за градење на капацитетите на ВРИ од 2009 година, ДЗР дава свој придонес преку мислења и коментари на специфични упатства од областа на управување со човечките ресурси (УЧР) во рамките на поткомитетот за унапредување на активностите за УЧР.

Соработката со ВРИ од земјите кандидати и потенцијални кандидати за прием во ЕУ и ЕСР како и со други ВРИ на земјите членки на ЕУ ќе се одвива во рамките на мрежата која ја сочинуваат ВРИ на земјите кандидати и потенцијални кандидати (Хрватска, Македонија, Турција, Албанија, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Србија и Исланд) и ЕСР. Една од главните активности на мрежата во 2011 ќе биде одржувањето на состанокот на шефовите на ВРИ на мрежата, што ќе се одржи во март 2011 во Истанбул, Турција. Покрај размената на искуства од досегашната соработка, состанокот во Истанбул треба да произведе заклучоци што ќе ја дефинираат рамката на идната соработка. Активностите на мрежата како и досега ќе бидат поддржувани од СИГМА и Работната група за заеднички ревизорски активности формирана од Контакт комитетот на ВРИ на ЕУ.

Учеството на ДЗР на состаноците на  Контакт комитетот на ВРИ од ЕУ, во својство на активен набљудувач заедно со ВРИ на другите земји кандидати (Турција и Хрватска) обезбедува можност за следење на најновите трендови и искуства во областа на ревизорската пракса (методите, пристапот, изборот на подрачјата - предмет на ревизија) насочена на унапредување на одговорноста и отчетноста во трошењето на средствата добиени од европските фондови.

Во рамките на билатералната соработка, ДЗР во 2011 година планира да оствари работни посети на и од ВРИ членки на ЕУРОСАИ. Согласно утврдените агенди за одржување на обуки и друг вид на настани во рамките на ИНТОСАИ, ЕУРОСАИ, ЕСР, и мрежата за соработка, одреден број на ревизори и претставници на ДЗР ќе учествуваат на истите.

Во рамките на подготовките на националната програма за усвојување на правото на ЕУ (НПАА) и подготовка на преговарачките позиции на РМ за преговори за членство во ЕУ,  активностите за ажурирање на националната програма за 2011 ќе продолжат како и  следењето на нејзината реализација низ активностите од акциониот план – работни групи за подрачје антикорупциска политика (РГ 23) и финансиска контрола (РГ 32).

Во 2011 година, ДЗР ќе предложи проект за подобрување на квалитетот на работењето  преку понатамошен развој на ИТ системот на ДЗР и примена на ИТ технологијата за рационално и ефикасно користење во ревизиите. За реализација на проектот ДЗР ќе аплицира за добивање помош од ИПА фондовите на Европската комисија.

## 9. Анализи и извештаи

За потребите на подготовка на анализи, информации и известување за работењето и за извршените ревизии, ДЗР во текот на 2010 година работеше на подготовка на техничка документација за набавка на софтвер за анализа на податоци. Истиот е набавен кон крајот на 2010 година. Софтверскиот пакет треба да овозможи обработка на бројни податоци и информации од ревизорските извештаи,  анализа и следење на наодите и препораките дадени во ревизорските извештаи, од комуникацијата со субјектите предмет на ревизија и надлежните органи за надзор и контрола над работењето на субјектите и надлежни органи по основ на сторен прекршок или кривично дело, анализа на различни елементи и параметри од финансиските извештаи и други информации за субјектите предмет на ревизија, подготовка и следење на годишна програма за работа на ДЗР и друго.

Софтверот во текот на 2011 година постапно ќе се операционализира. Со истиот ќе биде опфатено работењето на ДЗР и извршените ревизии во тековната 2011 година како и одредени податоци поврзани со работењето и извршените ревизии од претходни години.

За работењето на ДЗР и за извршените ревизии во 2010 година ќе се продолжи со подготовка на податоци и информации потребни за годишниот извештај на ДЗР за 2010 година, податоци и информации потребни за подготовка годишниот извештај на ДЗР за 2011 година и други тековни информации, и информации за реализација на ГП за 2011 и анализи во функција на подготовка на ГП за 2012 година,

**10. Информирање на надлежни органи во функција на подобро управување со јавните средства**

Во 2011 година, ќе се интезивира соработката со надлежните органи, во насока на редовно и навремено информирање за законското и наменско трошење на јавните средства, за сторен прекршок или кривично дело, за спроведувањето на дадените препораки во ревизорските извештаи за надминување на утврдените неправилности, во функција на унапредување на управувањето со јавните средства.

*Активности во насока на надминување на системски слабости и колизија на законски прописи*

Идентификување на системски слабости и колизии на законски прописи (пропусти, недоречености или неусогласености на законската рамка) е важен аспект при вршењето на ревизиите. Ефект од оваа активност врз подоброто управување со јавните средства може да се очекува само доколку надлежните институции преземат мерки за нивно надминување. За таа цел, ДЗР ќе продолжи редовно да информира и да доставува ревизорски извештаи до надлежните органи во кои истите се содржани.

За таа цел ДЗР ќе продолжи редовно да информира и да доставува ревизорски извештаи (во кои се содржани системски слабости) до надлежните органи. Преку соодветни информации, за постоење на системските слабости навремено, ќе биде известувана и Владата на РМ.

За системските слабости, за кои претходно веќе се известени институциите, континуирано ќе се следи степенот и соодветноста на преземените мерки за нивно отстранување.

*Соработка со Собранието на РМ, Владата на РМ и Министерството за финансии и другите надлежни органи*

Соработката со Собранието на РМ, Владата на РМ и Министерството за финансии ќе се одвива во функција на реализација на Заклучоците на Собранието на РМ, донесени на седница на Собранието на РМ по разгледувањето на Годишниот извештај на ДЗР за 2010 година.

Во тие рамки ДЗР во 2011 година активностите ќе ги насочи кон:

- Редово информирање на Собранието на РМ и другите надлежни органи за извршените ревизии и за резултатите од извршените ревизии;

- Известување на Собранието на РМ и другите надлежни органи за системски слабости/прашања од општа административна и правна рамка (колизија на законски прописи) и други прашања од хоризонтална природа од работењето на субјектите од јавниот сектор кое може да бара соодветни одлуки од страна на Собранието;
- Презентирање на „Годишниот извештај на ДЗР за 2010 година" на седница на Собранието на Република Македонија;
- Иницирање обуки на надлежните тела во Собранието на РМ и идентификување на најдобра пракса за промовирање на ефективно функционирање, подобра комуникација и разбирање на функцијата на државната ревизија и резултатите од ревизорските активности;
- Соработка со Секторот за јавна внатрешна финансиска контрола при Министерството за финансии во повеќе насоки согласно одредбите од потпишаниот Протокол за соработка.

Во 2011 очекуваме да се интензивира соработката со Собранието на РМ/надлежна Собраниска комисија и создавање на услови за редовно и навремено разгледување на ревизорските извештаи на ДЗР и донесување заклучоци по ревизорските наоди и препораки со цел преземање мерки од страна на надлежни органи.

*Активности поврзани со спречување на корупцијата*

Активностите на ДЗР поврзани со работата на Државната комисија за спречување на корупцијата, Јавното обвинителство и Министерството за внатрешни работи и во 2011 година ќе се одвива во согласност со овластувањата и обврските утврдени со Законот за државната ревизија, Законот за јавното обвинителство, Законот за спречување на корупција и друга законска регулатива.

Во рамките на овие активности во 2011 година ДЗР ќе продолжи да известува и обезбедува:

- Доставување на ревизорски извештаи/известувања до надлежните органи, за наоди кои иницираат активности од нивна надлежност и обезбедување на повратни информации за преземени мерки согласно нивните надлежности;
- Доставување извештаи и информации за извршени ревизии, по барање, и обезбедување на повратни информации за преземени мерки согласно нивните надлежности;
- Одржување на работни средби за меѓусебно информирање, за преземање на активности и мерки по наодите и препораките од конечните ревизорски извештаи, размена на искуства поврзани со методологијата на работа и презентација на наодите во ревизорските извештаи, усогласување на прописи, запознавање со Европската легислатива од аспект на борбата против корупцијата и вршењето на државната ревизија;

ДЗР ќе подготвува и разменува анализи и информации како резултат на соработката со надлежните органи и ќе ги доставува до Собранието на РМ во рамките на редовните и периодичните известувања и во понатамошна постапка на разгледување на овие информации во комисијата за финансирање и буџет за донесување на соодветни заклучоци.

*Следење на препораките дадени во ревизорските извештаи*

Прашањето на постоење на ефективни механизми за следење на имплементација на препораките е важен аспект на ревизијата и е третиран во повеќе документи на Меѓународните стандарди на ВРИ (ISSAI). Во рамките на постапките на вршење на ревизиите, ДЗР континуирано го следи и анализира процесот на спроведување на дадените препораки во ревизорските извештаи.

Следењето на имплементацијата на препораките во ДЗР се врши:

- При вршењето на ревизијата во тековната година по дадени препораки во конечните извештаи од извршени ревизии во претходната/те година/ни;
- Преку добивање информации од субјектот предмет на ревизија согласно чл. 32 од ЗДР односно преку барање за прибирање на информации за статусот на спроведеност на препораките;
- Преку посебни ревизии/проверки на спроведување на препораките (на тековни ревизорски извештаи, и ревизорски извештаи од претходни години);

Во 2011 година ДЗР ќе го унапреди системот за следење на спроведување на препораките дадени во ревизорските извештаи со користење на софтвер за оваа намена. Еден од главните аспекти на софтверот за обработка и анализа на податоци и информации е следење на спроведување на препораките дадени во ревизорските извештаи. За овој аспект повеќе е дадено во делот 9 - Анализи и извештаи.

Исто така ДЗР ќе работи на унапредување на соработката со субјектите предмет на ревизија за зголемување на нивната одговорност за преземање на мерки за надминување на констатираните неправилности и навремено и во законски рокови известување за преземени мерки по наодите и препораките во ревизорските извештаи.

Во оваа насока ДЗР ќе ги презема и следните активности:

- Укажување за позитивните ефекти на спроведувањето на препораките за вкупното работење на субјектот и за законско користење на јавните средства;
- Предочување на субјектите дека не преземањето мерки и не спроведувањето на препораките по ревизорските извештаи ќе резултира во последователно вршење на ревизија на односните субјекти во континуитет;

- Информирање на органите надлежни за контрола и надзор над работењето на субјектите предмет на ревизија за статусот на спроведување на препораките;
- Информирање на Собранието и Владата на РМ во рамките на годишниот извештај и во рамки на други информации, за статусот на спроведување на препораките.

Во функција на утврдување на степенот и статусот (спроведена, делумно спроведена...) на спроведување на препораките, ќе се изврши последователна проверка на спроведувањето на дадените препораки по дадени препораки во ревизорските извештаи од 2010 година; и проверка на спроведување на препораките во рамки на вршењето на ревизиите во 2011 година (по дадени препораки во конечни ревизорски извештаи од извршени ревизии во претходната/те година/ни);

Резултатите од извршените ревизии/проверки на спроведување на препораките се презентираат во рамки на ревизорскиот извештај од редовните ревизии и во информациите/извештаите од извршена последователна проверка. Во функција на утврдување на објективноста на повратните информации добиени од субјектите предмет на ревизија во врска со преземените мерки, ДЗР ќе врши проверки и на известувањата за преземени мерки добиени од субјектите предмет на ревизија. Во случаи кога ќе се утврди дека субјект предмет на ревизија доставил неточни информации, ДЗР ќе информира и презема дополнителни мерки и активности, согласно надлежностите и изнесеното погоре.

## 11. Информирање на јавноста

Информирањето на пошироката јавност во 2011 ќе продолжи во насока и цел на обезбедување објективен, реален и рамноправен пристап кон сите заинтересирани за начинот на трошењето на јавните средства: Субјектите предмет на ревизија, медиумите, граѓаните и надлежните институции.

Како дел од транспарентноста, еден од петте основни принципи во нашето работење, ДЗР ќе продолжи со активностите во контекст на подобро разбирање на Конечните ревизорски извештаи. Во таа насока постои можност за организирање на три тркалезни маси со учество на медиумите и новинарите, иницијатива која може да биде реализирана со техничка помош на Македонскиот институт за медиуми (МИМ) и со финансиска поддршка на британската амбасада во Скопје.

Објавувањето на Конечните ревизорски извештаи и забелешките на субјектите предмет ревизија на ВЕБ страницата како резултат на вршењето државна ревизија, ќе продолжи да се реализира, при што во 2011 година континуирано ќе се прави анализа и предлагање на нови дигитални форми и начини за презентирање на ревизорските извештаи во делот на комуникацијата со пошироката јавност.

За остварување на целите од аспект на информирање на јавноста и подобрување на комуникацијата, ДЗР во 2011 година планира да ги реализира следниве активности:

- Објавување на Конечните ревизорски извештаи и забелешките на субјектите предмет на ревизија на ВЕБ страницата согласно Законот за државна ревизија и на начин утврден со интерните „Упатства“ донесени од Главниот државен ревизор;
- Објавување на ВЕБ страницата на „Годишниот извештај на ДЗР за 2010 година“ согласно Законот за државна ревизија;
- Ажурирање на основните податоци и информации за ДЗР на ВЕБ страницата согласно тековно настанатите промени;
- Објавување на информации, вести и други текстови на ВЕБ страницата за планираните и реализираните активности на ДЗР;
- Тековно информирање и повремени брифинзи на медиумите и на новинарите, на институциите со кои соработуваме и на други засегнати страни;
- Имплементирање на нови средства, инструменти и начини на комуникација со пошироката јавност.

Како дел од планирањето на активностите поврзани со информирање на јавноста останува иницијативата за измена на дизајнот на ВЕБ страницата и на насловната страница на Интранетот, со цел нивно понатамошно усовршување и зголемување на обемот и на видовите содржини што ќе се пласираат преку нив.

## 12. Извршување на Годишната програма за работа на ДЗР

Извршувањето на Годишната програма за работа на ДЗР за 2011 година ќе се реализира со Акционен план кој е составен дел на Годишната програма за работа на ДЗР.

## 13. Завршни одредби

Оваа Програма влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 01.01.2011 година.

| | |
|---|---|
| Број 01-671/1 | **Главен државен ревизор** |
| Скопје, 27.12.2010 година | **Тања Таневска** |

# ГОДИШНА ПРОГРАМА
## за работа на Државниот завод за ревизија за 2011 година
## Преглед на планирани ревизии за 2011 година

### 01 РЕВИЗИИ НА ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИИ НА УСОГЛАСЕНОСТ

| ИК | Ред.бр. Годишна програма | Ред.бр. во класата | ОПИС | Место |
|---|---|---|---|---|
| I | | | Член 23 точка (1) - Задолжителни | |
| 1 | 1 | 1 | Основен буџет на Република Македонија | Скопје |
| 2 | 2 | 1 | Фонд за пензиско и инвалидско осигурување | Скопје |
| | 3 | 2 | Агенција за вработување на РМ | Скопје |
| | 4 | 3 | Агенција за државни патишта | Скопје |
| | 5 | 4 | Фонд за здравствено осигурување | Скопје и подрачни единици |
| II | | | Член 23 точка (1) | |
| 3 | 6 | 1 | Министерство за финансии - Функции на државата | Скопје |
| | 7 | 2 | Собрание на Република Македонија | Скопје |
| | 8 | 3 | Агенција за запленет имот | Скопје |
| | 9 | 4 | Кабинет на Претседател на РМ | Скопје |
| | 10 | 5 | Уставен суд на РМ | Скопје |
| | 11 | 6 | Дирекција за заштита и спасување | Скопје |
| | 12 | 7 | Секретаријат за европски прашања | Скопје |
| | 13 | 8 | Национална агенција за европски образовни програми и мобилност | Скопје |
| | 14 | 9 | Министерство за култура | Скопје |
| | 15 | 10 | Министертсво за транспорт и врски | Скопје |
| | 16 | 11 | Министерство за информатичко општество | Скопје |
| | 17 | 12 | Министертво за земјоделство, шумарство и водостопанство | Скопје |
| | 18 | 13 | Министерство за труд и социјална политика | Скопје |
| | 19 | 14 | Судска власт | Скопје |
| 4 | 20 | 1 | Политичка партија ВМРО - ДПМНЕ | Скопје |
| | 21 | 2 | Политичка партија СДСМ | Скопје |
| | 22 | 3 | Политичка партија ДУИ | Скопје |
| | 23 | 4 | Политичка партија ДПА | Скопје |
| | 24 | 5 | Политичка партија Нова Демократија | Скопје |
| | 25 | 6 | Политичка партија Социјалистичка партија | Скопје |
| | 26 | 7 | Политичка партија Демократска партија | Скопје |
| | 27 | 8 | Политичка партија - Либерално демократска партија | Скопје |
| | 28 | 9 | Политичка партија ДОМ | Скопје |
| | 29 | 10 | Политичка партија Либерална партија | Скопје |
| 5 | 30 | 1 | НУ Конзервативен центар | Скопје |
| | 31 | 2 | ЈУ Младински културен центар | Скопје |
| | 32 | 3 | НУ Природно научен музеј на Македонија | Скопје |
| | 33 | 4 | ЈУ Дом на културата „Кочо Рацин" | Скопје |
| | 34 | 5 | ЈУ Фестивал Охридско лето | Охрид |
| | 35 | 6 | ЈУ Музеј на Град Скопје | Скопје |
| | 36 | 7 | Македонска опера и балет | Скопје |
| | 37 | 8 | Основен суд Битола | Битола |
| | 38 | 9 | Основен судОхрид | Охрид |
| 6 | 39 | 1 | Здравствен дом Скопје | Скопје |
| | 40 | 2 | Клиничка болница Битола | Битола |
| | 41 | 3 | ЈУ од областа на здравството за потребите на ЈЗУ, Универзитетски клиники, Завод и Ургентен центар - Скопје | Скопје |
| | 42 | 4 | ЈЗУ Здравствен дом Крива Паланка | Крива Паланка |
| 7 | 43 | 1 | Буџет и корисници на средства од буџетите на ЕЛС | Гази Баба |
| | 44 | 2 | Буџет и корисници на средства од буџетите на ЕЛС | Кисела Вода |
| | 45 | 3 | Буџет и корисници на средства од буџетите на ЕЛС | Бутел |
| | 46 | 4 | Буџет и корисници на средства од буџетите на ЕЛС | Охрид |
| | 47 | 5 | Буџет и корисници на средства од буџетите на ЕЛС | Сопиште |
| | 48 | 6 | Буџет и корисници на средства од буџетите на ЕЛС | Арачиново |
| | 49 | 7 | Буџет и корисници на средства од буџетите на ЕЛС | Дојран |
| | 50 | 8 | Буџет и корисници на средства од буџетите на ЕЛС | Гостивар |
| | 51 | 9 | Буџет и корисници на средства од буџетите на ЕЛС | Берово |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 9 | 52 | 1 | Јавно претпријатије за стопанисување со шуми МАКЕДОНСКИ ШУМИ П.О. - Скопје | подружници |
| | 53 | 2 | Јавно претпријатије МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА - Скопје | Скопје |
| | 54 | 3 | Јавно претпријатије МАКЕДОНСКА РАДИОДИФУЗИЈА (МРД) | Скопје |
| | 55 | 4 | Јавно претпријатије за стопанисување со пасишта | Скопје |
| 10 | 56 | 1 | ЈПК „УСЛУГА“, Берово | Берово |
| | 57 | 2 | ЈП „УЛИЦИ И ПАТИШТА“ Скопје | Скопје |
| | 58 | 3 | ЈП „ГЕО ИНЖЕНЕРИНГ“ Тетово | Тетово |

## 02 РЕВИЗИИ НА УСПЕШНОСТ

**Член 18 точка (2)**

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **59** | 1 | Субвенции и трансфери - критериуми и доделување | Скопје |
| | **60** | 2 | Финансирање на високото образование на државните универзитети | Скопје, Битола, Штип, Тетово и Охрид |
| | **61** | 3 | Конфискуван имот, имотна корист од одземени предмети | Скопје |
| | **62** | 4 | Безбедносни аспекти и услови за престој во КПД во РМ | Скопје и други градови |
| | **63** | 5 | Програми и мерки за посвојување на деца без родители | Скопје и други градови |
| | **64** | 6 | Јавна чистота - оценка на ризиците и можности за подобрување на централно и локално ниво /заштита на животна средина | Скопје и други градови |
| | **65** | 7 | Утврдување и наплата на сопствени приходи кај 12 ЕЛС (Пехчево, Јегуновце, Боговиње, Конче, Лозово, Ранковце, Могила, Врнештица, Осломеј, Зајас, Врапчиште и Зрновце) | 12 ЕЛС |